# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДОТ СКОПЈЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.158 од 15.11.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за градот Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 55/2004), во членот 8 став 2 зборовите: "излегува на границата на парк-шумата "Гази Баба" (тромеѓа на општините Бутел, Чаир и Гази Баба), се движи по западната граница на парк-шумата" се заменуваат со зборовите: "се движи по улицата "Христијан Тодоровски Карпош" до спојувањето со новата улица "Кружна Гази Баба" планирана со Генералниот урбанистички план на градот Скопје (тромеѓа меѓу општините Бутел, Чаир и Гази Баба), продолжува да се движи на исток по улицата "Христијан Тодоровски Карпош„".

Во ставот 3 зборовите: „западната граница на парк-шумата "Гази Баба„" се заменуваат со зборовите: „источната страна на КП 70/1 и КП 71/1 КО Гази Баба, свртува по јужната страна на КП 71/1 и КП 65 КО Гази Баба, продолжува по западната страна на КП 2153 КО Гази Баба и продолжува по осовината на новопроектираната улица "Кружна Гази Баба„", а зборовите: „КО Стајковци" се заменуваат со зборовите: „КО Брњарци".

Во ставот 8 по зборовите: "до крстосницата со улицата Беласица" се додаваат зборовите: "(тромеѓа меѓу општините Гази Баба, Чаир и Центар од ставот 3 на овој член)".

Во ставот 9 зборовите: "Центарот за дератизација (тромеѓа меѓу општините Чаир, Гази Баба и Бутел)" се заменуваат со зборовите: "тромеѓата меѓу општините Чаир, Гази Баба и Бутел".

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".